**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Проектот за подобрување на социјалните услуги**

# ВТОР ЈАВЕН ПОВИК ДО ОПШТИНИТЕ И ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ИНТЕРЕС ЗА ГРАНТ ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Министерството за труд и социјална политика ги повикува општините во Република Северна Македонија да изразат интерес за учество во реализација на „Проектот за подобрување на социјалните услуги“ финансиран со средства од заем на Светска банка.

Една од главните цели на проектот е развој и подобрување на квалитетот на социјалните услуги во локалните заедници, согласно потребите на граѓаните и зголемување на пристапот до социјалните услуги наменети за ранливите групи на граѓани, постарите лица, лицата со попреченост и други лица.

Општините заедно со потенцијални даватели на услуги ќе може да аплицираат за грантови наменети за проекти за развој на следните социјални услуги:

- **услуги на советување**
- **услуги во домот** (Помош и нега во домот и Лична асистенција)
- **услуги во заедницата** (Центар за дневен престој за бездомни лица, Центар за дневен престој за лица со попреченост, Центар за дневен престој за лица со попреченост со индивидуална работа, Центар за дневен престој за стари лица, Центар за дневен престој за стари лица со активно стареење, Центар за рехабилитација, Центар за привремен престој на деца кои ќе се затекнат без родителска грижа или како скитаат и деца жртви на злоупотреба, Центар за бездомници, Центар за жртви на семејно насилство, Центар за жртви на родово-базирано насилство и Центар за жени жртви на сексуално насилство и силување, Центар за жртви на трговија со луѓе, Центар за одмена на семејна грижа).

На општините кои ќе изразат интерес за добивање грант за развој на социјални услуги, ќе им се обезбеди директна поддршка за подготовка на проектната апликација, од страна на експерт ангажиран од Проектот за подобрување на социјалните услуги.

За подетални информации Ве молиме да ја посетите веб страната на МТСП www.mtsp.gov.mk и Проектот за подобрување на социјалните услуги www.ssip.mk или директно на info.ssip@mtps.gov.mk. Пријавувањето на интерес може да се направи преку пополнување на Формулар за изразување интерес, кој е достапен на:: https://www.ssip.mk/wp-content/uploads/2022/06/formular-za-izrazuvane-interes.docx. Истиот е потребно да биде архивски заведен, со потпис и печат, скениран и испратен по електронска пошта на следната е-меил адреса:. info.ssip@mtps.gov.mk

Краен рок за изразување интерес за добивање на грантови за развој на социјални услуги е 08.07.2022 година.